ПРОСПЕКТ ЗА КОТИРАЊЕ НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ

ИЗДАДЕНИ ОД

# “Мода” А.Д. Свети Николе

НА

ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР ВО ПОДСЕГМЕНТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА А.Д.СКОПЈЕ

Свети Николе, Април 2013

# И З Ј А В А

**Од АНГЕЛ ДИМИТРОВ во врска со Проспектот**

Јас, АНГЕЛ ДИМИТРОВ со функција Претседател на Одбор на дитректори, како Орган на Управување на АД „МОДА“ Св.Николе под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавувам:

“Според нашите уверување и согласно нашите сознанија и податоци со кои располагаме, под целосна морална, материјална и кривична одговорност, изјавувам дека сите податоци од овој проспект сочинуваат целосно и вистинито прикажување на имотот и обврските, добивките и загубите, финансиската и деловната состојба на АД „МОДА“, правата содржани во хартиите од вредност и дека не се изоставени податоци кои би можеле да влијаат на целовитоста и висинитоста на овој проспект“

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи Мода Св.Николе

Орган на Управување

**ПРОСПЕКТ**

**ЗА КОТИРАЊЕ НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД**

# “Мода” А.Д. Свети Николе

**НА ОФИЦИЈАЛЕН ПАЗАР ВО ПОДСЕГМЕНТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА КОТАЦИЈА**

**НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ**

## 1. Основни податоци

Проспектот се однесува на хартиите од вредност од издавачот “Мода” А.Д. Свети Николе и истиот ќе се работи согласно Одредбите пропишани во Глава V-Проспект од Правилата за котација на Македонска берза А.Д. Скопје.

**Назив и адреса на издавачот на хартии од вредност**
Издавач на хартиите од вредност на кој се однесува проспектот е АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КОНФЕКЦИСКИ ПРОИЗВОДСТВО МОДА Со МБ 04043642 Со седиште на ул.М.ТИТО79, СВЕТИ НИКОЛЕ 2220, МАКЕДОНИЈА (во понатамошниот текст “Мода” А.Д. Свети Николе).

**Датум на изработка на Проспектот е Април 2013 година**

**Покровител на задолжителна котација е ТТК Банка А.Д. Скопје -Оддел за работа со хартии од вредност со седиште на ул.“Народен Фронт” 19-А Скопје**

**“Мода” А.Д. Свети Николе работи со следните банки:**
ХалкБанка А.Д. Скопје,
Комерцијална Банка А.Д.Скопје
Стопанска Банка А.Д. Скопје

**Назив и адреса на Друштвото за ревизија**
Идеја Плус Ревизија&Консалтинг ДОО Радовиш Ул.”Вардарска” бр.115 Радовиш

**Опис на родот на акциите**
Основната главнина на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува 1.431.617 ЕУР и се состои од 1.431.617 обични акции со право на глас со номинална вредност од 1 ЕУР по една акција.

## 2. Податоци за издавачот и капитал на издавачот

**Назив и седиште на издавачот**
Издавач на хартиите од вредност на кој се однесува проспектот е АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КОНФЕКЦИСКИ ПРОИЗВОДСТВО МОДА Со МБ 04043642 Со седиште на ул.М.ТИТО79, СВЕТИ НИКОЛЕ2220, МАКЕДОНИЈА

**Износ на вкупниот капитал**
Вкупниот капитал на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува 86.741.674,- МКД и е поделен на 1.431.617 обични акции со вкупна номинална вредност 1.431.617 ЕУР .

**Зголемување односно намалување на основната главнина**
е регулирано во Глава 6-Зголемување односно намалување на основната главнина од Статутот на “Мода” А.Д. Свети Николе .

**Правата од обични акции** согласно Член 48 од Статутот на “Мода” А.Д. Свети Николе се: право на глас на собрание, право на дивиденда, и право на исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

**Промени во структурата на капиталот** за последните две години во смисла на износите на емитиран капитал и број и родови на акции кои го сочинуваат вкупниот капитал НЕМА.

**Должнички конвертибилни хартии од вредност** НЕМА.

**Лицата кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас** се :
Casa Moda West GMBH поседува 24,14%
L.M.K. Holding GMBH поседува 16,52%

A.J.T. Vermogensverwaltung GMBH поседува 16,52%
Грозде Цветковски поседува 10,24%
Ангел Димитров поседува 10,13%
Manfred Mihalski поседува 5,86%

“Мода” А.Д. Свети Николе не поседува **мнозинско учество во други друштва**
**Финансиските извештаи** на “Мода” А.Д. Свети Николе за 2011 и 2012 се ревидирани и се во прилог на овој Проспект.

“Мода” А.Д. Свети Николе не е во **постапка заиздавање на акции.**

## 3. Податоци за деловни активности на издавачот

**Основната дејност на** “Мода” А.Д. Свети Николе е
14.13 Производство на друга горна облека.

**Значајни нови производи** НЕМА.

**Приказ на приходи од продажба за последните две години** (2011год. и 2012 год.)
2011 год.- 253.853.528 денари
2012 год. - 244.116.424 денари

**Зависност од патенти, лиценци индустриски, комерцијални или финансиски договори** од голема важност за работењето на “Мода” А.Д. Свети Николе **НЕМА.**

**Развој и истражување на нови производи и значајни постапки** во изминатите две години **НЕМА**.

**Судски или арбитражни постапки** со значително влијание на финансиската состојба на “Мода” А.Д. Свети Николе **НЕМА**.

**Број на вработени** заклучно со 31.03.2013 изнесува 600, од кои 2,5% се со високо образование.

Значителни инвестиции во основни средства и вложување во хартии од вредност на други трговски друштва за последните две години НЕМА.
“Мода” А.Д. Свети Николе се наоѓа меѓу 200-те најуспешни претпријатија во Македонија и во првите 10 членки во текстилната индустрија.

## 4. Финансиски податоци

Финансиските податоци се однесуваат за период од две изминати години (2011год. и 2012год.)

**А) Вкупните средства** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесуваат:
2011-280.224.230 ден.
2012-285.162.621 ден.

**Б) Вкупните обврски** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесуваат:
2011-12.657.495 ден.
2012-13.928.290 ден.

**В) Добивка пред оданочување** на ““Мода” А.Д. Свети Николе изнесува:
2011-45.747.094 ден.
2012-40.163.307 ден.

**Г) Нето добивка по акција** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува:
2011-31,93 ден.
2012-28,04 ден.

**Д) Коефициент цена /добивка** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува:
2011-2,25
2012-2,56

**Ѓ) Коефициент цена/книговодствена вредност на акција** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува: 2011-1,19 2012-1,19

**Е) Износ на исплатена дивиденда по акција** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува:
2011-22,93 ден.
2012-Висината на дивидендата ќе се утврди на претстојното Собрание на акционери.

**Ж) Дивиденден принос** на “Мода” А.Д. Свети Николе изнесува:
2011-0,32
2012-Висината на дивидендата ќе се утврди на претстојното Собрание на акционери.

“Мода” А.Д. Свети Николе **нема мнозинско учество во други трговски друштва, и нема консолидирани финансиски извештаи.**

## 5. Податоци за акциите за кои се бара котација

**Задолжителната котација се однесува на 1.431.617 обични акции со номинална вредност од 1 ЕУР.**

**Правата од обични акции** согласно Член 48 од Статутот “Мода” А.Д. Свети Николе се: право на глас на собрание, право на дивиденда, и право на исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно стечајната маса на Друштвото.

**Собранието на акционери, соопштенијата за акционерите, правото на глас** се регулирани во Глава 8 -Собрание на Друштвото од Статутот на “Мода” А.Д. Свети Николе
.
**Исплата на дивиденда** е регулирана во член 53 од Статутот на “Мода” А.Д. Свети Николе

**Ликвидација** на “Мода” А.Д. Свети Николе е регулирана во член 115 од Статутот на “Мода” А.Д. Свети Николе .
“Мода” А.Д. Свети Николе не **располага со сопствени акции.**

**Статистички податоци за тргувањето со акциите на Мода А.Д. Свети Николе**
Основната главнина на издавачот Мода А.Д. Свети Николе изнесува 1.431.617 ЕУР и се состои од 1.431.617 обични акции со право на глас. Номинална вредност на една акција е 1 ЕУР. Хартијата е со ISIN: MKMODA101013 Шифра на хартијата е MODA Просечна истргувана цена е 151,-денари согласно податоците од Македонска Берза А.Д. Скопје. За 2011 година, 2012 година и 2013 година нема редовно тргување со акциите на “Мода” А.Д. Свети Николе.
Во Ноември 2011 год. реализирани се две Блок трансакции со акциите на “Мода” А.Д. Свети Николе Првата Блок трансакција е на вредност 20.796.341,24 денари и се однесува на 236.564 акции по цена 87,91% што претставува 16,52% од основната главнина. Втората Блок трансакција е на вредност 20.796.253,33 денари и се однесува на 236.563 акции по цена 87,91% што претставува 16,52% од основната главнина.

## 6. Податоци за органите на управување на “Мода” А.Д. Свети Николе

Одборот на директори на “Мода” А.Д. Свети Николе се состои од следните членови:

**1. Претседател на Одбор на Директори**
**Ангел Димитров**
Занимање: Економски факултет.
Стопанственик со долгогодишно работно искуство.
Својата кариера ја започна во АД МОДА Св.Николе во 1984 год.
Од 2000 год. се наоѓа на позиција Претседател на Одборот на Директори на “Мода” А.Д. Свети Николе .

**2. Извршен директор Грозде**
**Цветковски**
Занимање: Технолошки факултет-Текстилен смер.
Стопанственик со долгогодишно работно искуство.
Својата кариера ја започна во АД МОДА во 1981 како Технички директор.
Од 2000 год. се наоѓа на позиција Извршен Директор со неограничени овластувања.

**3. Извршен директор**
**Манфред Михалски**
Занимање:Технолошки факултет.
Стопанственик со долгогодишно работно искуство.
Својата кариера ја започна во СР Германија.
Од 2000 год. се наоѓа на позиција Извршен Директор со неограничени овластувања.

**ПОДРУЖНИЦИ на “Мода” А.Д. Свети Николе се следните Друштва.**
1. Акционерското друштво за производство на конфекциски производи Мода Свети Николе – Подружница Самопослуга број 1 Свети Николе е **ПОДРУЖНИК** на “Мода” А.Д. Свети Николе.
Лицето Грозде Цветковски е Раководител на Друштвото.

2. Акционерското друштво за производство на конфекциски производи Мода Свети Николе – Подружница Продавница за текстил Свети Николе е **ПОДРУЖНИК** на “Мода” А.Д. Свети Николе.
Лицето Грозде Цветковски е Раководител на Друштвото.

Наведените лица се **независни и не се значајно ангажирани надвор од работењето на** “Мода” А.Д. Свети Николе

Наведените лица **не се членови на Одбор на директори во други Друштва и против нив не е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните 5 години.**

На горенаведените лица **не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање** кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на “Мода” А.Д. Свети Николе во последните 5 години.

**Лицата кои поседуваат над 5% од акциите со право на глас се:**
Casa Moda West GMBH поседува 24,14%
L.M.K. Holding GMBH поседува 16,52%
A.J.T. Vermogensverwaltung GMBH поседува 16,52%
Грозде Цветковски поседува 10,24%
Ангел Димитров поседува 10,13%
Manfred Mihalski поседува 5,86%

За секој договор или друга деловна активност на “Мода” А.Д. Свети Николе во која друштвото е странка и во која членовите на Одборот на директори **имаат интерес** се постапува согласно Законот за трговски друштва-Член 349 или поточно согласно Членовите 457, 459 и 460 од истиот Закон.

Не постои податок за постоење на **договор или соработка помеѓу лицата членови на Одборот на директори и големите акционери, клиенти, добавувачи** врз основа на што било кое од овие лица би било избрано за член на Одбор на директори.
Не постои податок за постоење на било какво **ограничување на располагањето со акциите** кои членовите на Одборот на директори ги поседуваат во “Мода” А.Д. Свети Николе.

## 7. Развојни перспективи

Информација за **развојните перспективи** во деловното работење за следните 3 години **“Мода” А.Д. Свети Николе** има сезонски карактер на работењето. Летната сезона започнува во месец Октомври и трае до месец Април идната година, додека зимската сезона започнува во Април и трае до Октомври. Оваа и во наредните 3 години, планирани се инвестиции со цел подобрување на условите за производство и пласман на друга горна облека.

Основни претпоставки и проценка за **движење на добивката** во наредните 3 години. Заради сезонскиот карактер на деловното работење претпоставка е дека добивката и во наредните години би останала на истото ниво.

## 8.Финансиски извештаи

**Финансиските извештаи** (Ревизорско мислење, Ревидиран Биланс на состојба, Ревидиран Биланс на успех, Ревидиран извештај за парични текови, Ревидиран извештај за промени на капиталот и Ревидирни белешки кон финансиските извештаи) на “Мода” А.Д. Свети Николе за **2011 год. и за 2012 год.** се ревидирани и се во прилог на овој Проспект.

## 9. Издавање и дистрибуција на Проспектот

Проспектот и дополнителните информации за проспектот нема да се издадат, огласат или бидат во циркулација се додека не се одобрени од страна на Македонска Берза А.Д. Скопје.

После одобрувањето од Берзата, Проспектот јавно ќе се издаде и стави на располагање (во електронска и печатена форма и бесплатно) на јавноста:

а) во Берзата
б) во седиштето на “Мода” А.Д. Свети Николе
в) во седиштето на ТТК Банка АД Скопје
г) на интернет страницата на “Мода” А.Д. Свети Николе

Копии од Проспектот заедно со копиите на последните ревидирани финансиски извештаи за последните две години ќе бидат на располагање на адресите дадени погоре.

Акционерско друштво за производство
на конфекциски производи
"М О Д А"
Бр 01-306
22.04 2013 год.
Св.Николе

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

за годината што завршува на 31 Декември 2012

со Извештај на независните ревизори

Свети Николе, Април 2013

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
за годината завршена на 31 Декември 2012,
со Извештај на независните ревизори

СОДРЖИНА

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

ОДГОВОРНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ.....3

БИЛАНС НА УСПЕХ ..... 4

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА ..... 5

БИЛАНС НА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА ..... 6

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ ..... 7

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ..... 8

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ..... 9 - 23

Друштво за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг
**ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ ДОО РАДОВИШ**
ул. Партизанска бЗр.23 Радовиш
тел. ++389 (32)633-632, 630-633;
факс: ++ 389 (32) 630-632,
тел.моб. ++389 (72)208-072,
e-mail: info@idejaplus.com, www.idejaplus.com

# НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

ДО

АКЦИОНЕРИТЕ И ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА МОДА АД

Свети Николе

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи што ги вклучуваат извештајот за финансиската состојба на МОДА АД Свети Николе (во натамошниот текст Друштвото) на 31 Декември 2012 година, како и на билансот на успех, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промени во главнината, извештајот за паричните текови за годината што заврши тогаш, прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

## *Одговорности на раководството за финансиските извештаи*

Менаџментот е одговорен за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка; избирање и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

## *Одговорности на ревизорот*

Нашата одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на Нашата ревизија. Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ке ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајки ја и проценката на ризиците од значајно материјално погрешно прикажување на

финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека прибавените ревизорски докази се достатни и соодветни за да обезбедат основа за Нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти, финансиската состојба на МОДА АД Свети Николе заклучно со 31 декември 2012 година, како и финансиската успешност и паричните текови за годината што тогаш заврши, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

*Извештај за други правни и регулативни барања*

Менаџментот на Друштвото е, исто така, одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Република Македонијав бр. 28/2004, 166/2012). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010 и 135/2011) е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2012 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работа е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на МОДА АД Свети Николе за годината која завршува на 31 декември 2012 година

Радовиш, 19.04.2013 година

Овластен ревизор
Грозда Костадинова

ИДЕЈА ПЛУС
РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ
ДОО Радовиш
управител
Грозда Костадинова

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

## ОДГОВОРНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Приложените финансиски извештаи на МОДА АД Св.Николе, на страниците 4 до 8 и Белешките кон истите на страна 9 до 21 се одговорност и се одобрени од менаџментот.

Друштвото го води сметководството во согласност со законските прописи и принципи што се применуваат во Р.Македонија. Финансиските извештаи за 2011 год. се ревидирани и податоците презентирани во нив се споредливи со податоците презентирани во финансиските извештаи за 2012 год. Финансиските извештаи вклучуваат одредени износи кои се базираат на најдобрите можни проценки и оценки на датумот на составување на Извештајот.

Врз основа на вистинитоста и објективноста на Финансиските извештаи, менаџментот има развиено и одржува интерна структура на контрола. Менаџментот верува дека интерните контроли овозможуваат сигурност во однос на бонитетот на финансиските евиденции и дека средствата, обврските, приходите и расходите се правилно евидентирани и вреднувани во сметководството. Внатрешниот процес на контрола, исто така го вклучува и информирањето на вработените од страна на менаџментот за политиките кои овозможуваат етичко водење и деловно однесување.

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи МОДА Св Николе

Грозде Цветковски - Извршен директор на МОДА АД Свети Николе

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

## БИЛАНС НА УСПЕХ

За годината што завршува на 31 Декември 2012 година во 000 денари

| *Позиција* | *Белешка* | *2012* | *2011* |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 4 | **242.009** | **251.527** |
| Останати оперативни приходи | 5 | **6.481** | **9.843** |
| Промени на залихите на готови производи и производството во тек | | **1.606** | **-** |
| Сопствени производи употребени и капитализирани во претпријатието | | **-** | **-** |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 6 | **( 34.911)** | **(30.078)** |
| Трошоци за вработените | 7 | **(145.908)** | **(141.137)** |
| Амортизација и ревалориз. на амортизација | | **(8.601)** | **(8.714)** |
| Останати оперативни расходи | 8 | **(9.546)** | **(22.779)** |
| Набавна вредност на трговски стоки | | **(12.744)** | **(15.381)** |
| Набавна вредност на продадени материјали | | **(190)** | **-** |
| *Добивка/загуба од оперативно работење* | | **38.197** | **43.282** |
| Финансиски приходи | | **2.096** | **2.925** |
| Финансиски расходи | | **(129)** | **(459)** |
| *Добивка/загуба пред оданочување* | | **40.163** | **45.747** |
| Данок на добивка | | **(24)** | **(35)** |
| *Добивка/загуба од редовно работење* | | **40.139** | **45.712** |
| Малцински интерес | | **-** | **-** |
| *Нето добивка/загуба од редов. активности* | | **40.139** | **45.712** |
| Вонредни приходи | | **-** | **-** |
| Вонредни расходи | | **-** | **-** |
| **Нето добивка/загуба** | | **40.139** | **45.712** |

Белешките кон финансиски извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи "МОДА" Св Николе

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

Грозде Цветковски - Извршен
директор на МОДА АД
Свети Николе

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
ЗА ПЕРИОДОТ 1.1.2012 - 31.12.2012 ГОДИНА во 000 денари

| Позиција | Назив на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **И** | **Добивка или загуба за периодот** | **40.139** | **45.712** |
| **ИИ** | **Останата сеопфатна добивка / загуба за периодот којашто не се прикажува во Билансот на успехот (пред оданочување)** | - | - |
| 1. | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | - | - |
| 2. | Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните материјални и нематеријални средства | - | - |
| 3. | Добивка или загуба врз основа на дополнително вреднување на финансиските средства кои се расположливи за продажба | - | - |
| 4. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот за заштита од ризикот од паричните текови | - | - |
| 5. | Добивка или загуба врз основа на инструменти за заштита од ризикот од нето вложување во странско работење | - | - |
| 6. | Удел во останатата сеопфатна добивка/загуба на придружените друштва | - | - |
| 7. | Актуарски добивки/загуби по дефинирани планови за користи | - | - |
| **ИИИ** | **Данок на добивка на останатата сеопфатна добивка за периодот (10%)** | - | - |
| **ИВ** | **Нето останата сеопфатна добивка/загуба за периодот** | - | - |
| **В** | **Сеопфатна добивка/загуба за периодот** | **40.139** | **45.712** |

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

Грозде Цветковски - Извршен
директор на МОДА АД
Свети Николе

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
на 31 Декември 2012 година во 000 денари

| *Позиција* | *Белешка* | *2012* | *2011* |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **А) Побарувања за запишан а неуплатен капитал** | | - | - |
| **Б) Долгорочни средства** | | **65.759** | **67.856** |
| Нематеријални средства | 9а | 333 | 176 |
| Материјални средства | 9б | 65.426 | 67.680 |
| Долгорочни вложувања | | - | - |
| Долгорочни побарувања | | - | - |
| **В) Тековни средства** | | **219.404** | **212.369** |
| Залихи | 10 | 28.375 | 25.413 |
| Побарувања од купувачи | 11 | 99.477 | 127.448 |
| Побарув. за аванси во земјата | | 2.739 | 100 |
| Останати краткор. побарувања | 12 | 4.981 | 6.447 |
| Краткорочни фин. вложувања | | 40.000 | 30.000 |
| Активни времен. разграничув. | | 109 | 88 |
| Парич. средства и еквиваленти на парични средства | 13 | 43.723 | 22.872 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **285.163** | **280.224** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **А) Капитал и резерви** | | **271.234** | **267.567** |
| Запишан капитал | | 86.742 | 86.742 |
| Премии на емитирани акции | | - | - |
| Ревалоризациона резерва | | 19.532 | 19.532 |
| Резерви | | 18.416 | 18.416 |
| Акумулирана добивка/загуба | | 146.544 | 142.877 |
| Откупени сопствени акции | | - | - |
| **Б) Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | - | - |
| **В) Малцински интерес** | | - | - |
| **Г) Долгорочни обврски** | | - | - |
| **Д) Тековни обврски** | | **13.92** | **12.657** |
| Обврски спрема добавувачи | 14 | 2.315 | 1.715 |
| Останати краткорочни обврски | 15 | 11.566 | 10.894 |
| Обврски за аванси | | 48 | 48 |
| Обврски по краткор. кредити | | - | - |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | | - | - |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **285.163** | **280.224** |

Белешките кон финансиски извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи Мода Св Никола

Грозде Цветковски - Извршен директор
на МОДА АД Свети Николе

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
За годината што завршува на 31 Декември 2012 год.

| во илјади денари | Запишан капитал | Резерви | Нераспред.добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1.01.2012** | **86.742** | **37.948** | **142.877** | **267.567** |
| Дивиденди | - | - | **(36.472)** | **(36.472)** |
| Добивка за 2012 год. | - | - | **40.139** | **40.139** |
| **Состојба на 31.12.2012** | **86.742** | **37.948** | **146.544** | **271.234** |

| во илјади денари | Запишан капитал | Резерви | Нераспред.добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1.01.2011** | **86.742** | **37.948** | **129.176** | **253.866** |
| Дивиденди | - | - | **(32.011)** | **(32.011)** |
| Добивка за 2011 год. | - | - | **45.712** | **45.712** |
| **Состојба на 31.12.2011** | **86.742** | **37.948** | **142.877** | **267.567** |

Белешките кон финансиски извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

## ИВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

За годината што завршува на 31 Декември 2012 година во 000 денари

| *Позиција* | ***2012*** |
|---|---|
| **А) Готовински текови од деловни активности** | **73.827** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | 40.139 |
| Амортизација | 8.601 |
| Зголемување/намалување на залихи | (2.962) |
| Зголемување/намалување на побарувања од купувачи | 27.972 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | (2.640) |
| Зголемување/намалување на останати краткор. побарувања | 1.466 |
| Зголемување/намалување на АВР | (20) |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачи | 600 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | - |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | 671 |
| Зголемување/намалување на ПВР | - |
| **Б) Готовински текови од инвестициони активности** | **(16.504)** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (6.504) |
| Продажба на материјални и нематеријални средства | - |
| Зголемување/намалување на долгорочни вложувања | - |
| Зголемување/намалување на долгорочни побарувања | - |
| Зголемување/намалување на краткорочни финанс. вложувања | (10.000) |
| **В) Готовински текови од финансиски активности** | **(36.472)** |
| Зголемување на капиталот | - |
| Зголемување/намалување на долгорочни кредити | - |
| Стекнување на малцински интереси | - |
| Исплатени дивиденди | (36.472) |
| Откуп/продажба на сопствени акции | - |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **20.851** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | *22.872* |
| **Парични средства на крајот на годината** | ***43 723*** |

Белешките кон финансиски извештаи се интегрален дел на овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

# БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2012 ГОДИНА ЗА ДРУШТВОТО МОДА АД СВЕТИ НИКОЛЕ

## 1. КОРПОРАТИВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО

МОДА АД Свети Николе (натаму Друштвото) е регистрирано како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва и работи во Република Македонија.

Седиштето на Друштвото е на Ул. Маршал Тито бр.79 во Свети Николе. Основна дејност на Друштвото е Производство на горна облека.

Основната главнина на друштвото се состои од 86.741.674 денари непаричен влог.

Вкупниот износ на издадени акции при основањето на Друштвото е 1.431.617 акции во износ од 1.431.617 ЕУР односно во денарска противвредност 86.741.674 денари. Номиналната вредност на една акција е 1 евро.

Акционери со учество од и над 5% од издадените акции на МОДА АД Свети Николе на 31.12.2012 год. се: Casa Moda West GmbH 24,14%, L.M.K HOLDING GmbH 16,52%, A.J.T VERMOGENSVERWALTUNG-GMBH 16.52%, Грозде Цветковски 10,24% Ангел Димитров 10,13% и Манфред Мицалски 5,86%.

Во 2012 година за која што се врши ревизија, Друштвото имаше 642 вработени врз основа на просечните часови на работа. Во 2011 година бројот на вработени беше 659 вработени врз основа на просечните часови на работа.

Во Актот за основање на друштвото, се утврдени одредби кои го регулираат целокупното работење на друштвото, како и органите на управување и раководење.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики кои се применети при подготвувањето на финансиските извештаи се дадени подолу. Сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година.

### 2.1. Основи за подготовка на финансиските извештаи

Финансиските извештаи на МОДА АД Свети Николе се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за водење сметководство, односно според Меѓународните сметководствени стандарди - МСС, Меѓународните стандарди за финансиско известување - МСФИ, Толкувањата на Постојниот комитет за толкување - ПКТ и Толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување - КТМФИ утврдени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди.

Финансиските извештаи се изготвени со примена на методата на набавна вредност и принципот на континуитет во работењето. Овие финансиски извештаи вклучуваат побарувања, обврски, оперативни резултати, промени во главнината и паричните текови на Друштвото. При изготвувањето на овие финансиски извештаи, Друштвото се придржуваше кон сметководствените политики опишани во Белешките.

Финансиските извештаи на Друштвото се изразени во илјади денари. Денарот претставува официјална известувачка валута на Друштвото. Сите други трансакции во валута различна од официјалната се сметаат за трансакции во странска валута.

### 2.2. Користење на проценки

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСФИ бара од Раководството на Друштвото употреба на проценки и претпоставки кои влијаат на прикажаните износи на средствата и обврските и обелоденувањето на неизвесни средства и обврски на денот на финансиските извештаи, како и на приходите и трошоците во извештајниот период. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите достапни на датумот на изготвувањето на Извештајот за финансиската состојба. Актуелните резултати можат да се разликуваат од овие проценки.

Овие проценки се разгледуваат периодично и промените во проценките се прикажуваат во периодите во кои истите стануваат познати.

Најзначајната употреба на расудувања и проценки, кои се обелоденети во прегледот на значајни сметководствени политики и соодветните објаснувачки белешки се однесуваат на обезвреднување на финансиските и нефинансиските средства, финансиските обврски и проценката за резервирања за судски спорови.

### 2.3. Споредливи износи

Финансиските извештаи за 2011 год. се ревидирани од страна на независна ревизорска куќа Друштво за ревизија Е.Р.Ц. ДОО Скопје и податоците се споредливи со презентираните податоци во финансиските извештаи за 2012 год.

### 2.4. Приходи

Приходите се искажани според објективната вредност на примените средства или побарувања, намалени за одобрените дисконти и данокот на

додадена вредност. Приходот е искажан во моментот кога договорената услуга е извршена, односно производите се испорачани.

**2.5. Расходи**

Расходите се прикажуваат врз принципот на пресметковна основа (фактурирана реализација).

**2.6. Одржување и поправки**

Трошоците за одржувањето и поправките на недвижностите, постројките и опремата се прикажуваат како трошоци во моментот на нивно настанување во ефективни износи и се признаваат во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех) на Друштвото.

**2.7. Конвертирање во странска валута и сметководствен третман на позитивните и негативните курсни разлики и ефектот од примената на девизна клаузула**

Ставките во Извештајот за финансиска состојба и Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех) искажани во финансиските извештаи се вреднуваат со користење на валутата од примарното економско окружување (функционална валута). Како што е обелоденето во Белешка 2.1, придружните финансиски извештаи се прикажани во илјади денари (МКД), кои претставуваат функционална и официјална извештајна валута на Друштвото.

Компонентите на средствата и обврските искажани во странска валута се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на составување на Извештајот за финансиска состојба.

Трансакциите во странски валути се конвертирани во денари според официјалниот девизен курс на денот на секоја трансакција.

Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од конвертирањето на средствата, обврските и трансакциите се соодветно искажани како приход / расход во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех).

**2.8. Недвижности, постројки и опрема**

Недвижностите, постројките и опремата на Друштвото на 31 декември 2012 се состојат од недвижности и опрема. Недвижностите и опремата се прикажани по набавни цени намалени за акумулираната амортизација.

Набавната вредност се состои од фактурната вредност зголемена за увозните царини, неповратните даноци, како и сите трошоци кои директно придонесуваат за доведување на средствата во работна состојба за намената за која се набавени. Сите добиени попусти и / или рабати ја намалуваат фактурната вредност на средството. Набавната вредност на постројките и опремата произведени / изградени во сопствена режија ја претставува набавната вредност на денот на кој е комплетиран процесот на изградбата или развојот.

Недвижностите и опремата се капитализираат како материјални средства доколку нивниот очекуван корисен век надминува една година.

Капиталните подобрувања, обновувања и поправки кои го продолжуваат животниот век на средството се капитализираат. Поправките и одржувањата се прикажуваат како трошок во моментот на нивно настанување и влегуваат во оперативните трошоци.

Корисниот век се проценува најмалку на крајот на секоја финансиска година и доколку има значајна промена во очекуваното движење на потрошувачката на идните економски користи од средствата, стапката на амортизација е сменета како резултат на променетото движење.

**2.9. Амортизација**

Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се пресметува правопропорционално, со цел набавната вредност на средствата целосно да се отпише во нивниот проценет корисен век. Амортизацијата на недвижностите и опремата и нематеријалните средства се врши според стапки засновани на проценетиот корисен век на средствата од страна на Раководството на Друштвото. Компетентните оддели во Друштвото периодично го проценуваат корисниот век на недвижностите и опремата.

Пропишаните годишни стапки на амортизација што се користат за одделните групи на недвижности и опрема и нематеријални средства се како што следува:

| | |
|---|---|
| Недвижнини | 1% - 10% |
| Деловен инвентар | 5% -10% |
| Мебел | 20% |
| Компјутерска опрема и софтвер | 25% |
| Транспортни возила | 25% |

Амортизацијата на недвижности и опрема и нематеријални средства започнува да се пресметува со ставање на средствата во употреба.

Пресметувањето на амортизацијата за даночни цели е пропишана со Законот за данокот на добивка, кој ги признава пропишаните стапки со Номенклатурата како официјални. Горенаведените амортизациони стапки кои Друштвото ги применува не се разликуваат од пропишаните амортизациони стапки за даночни цели.

**2.10. Обезвреднување на нефинансиските средства**

Во согласност со прифатените сметководствени политики, на крајот од секоја година Раководството на Друштвото ја проценува сметководствената вредност на нематеријалните средства на Друштвото, како и на недвижностите и опремата. Доколку постои индикација дека овие средства се обезвреднети, се пресметува надоместливата вредност на средствата за да се утврди обемот на загубата од обезвреднување. Доколку надоместливата вредност на средството е проценета како пониска од неговата сегашна вредност, сегашната вредност се намалува до износот на надоместливата вредност, која ја претставува повисоката од нето продажната вредност на средството и неговата употребна вредност. Загубите од обезвреднување, кои ја претставуваат разликата

помеѓу сегашната вредност и надоместливата вредност на материјалните и нематеријалните средства, се прикажуваат како расход согласно МСС 36 - Обезврднување на средствата.

Обезвреднетите нефинансиски средства се оценуваат на секој извештаен датум за да се утврдат можните надоместувања на обезвреднувањето.

**2.11. Залихи**

Залихите, иницијално се искажуваат според набавната вредност која се состои од фактурната вредност зголемена за транспортните трошоци и другите зависни трошоци. Исправката на вредноста на залихите која се прикажува како трошок се евидентира кај ставките кај кои е потребно да се намали нивната сметководствена вредност до нето продажната вредност проценета од страна на Раководството. Залихите кои се обезвреднети или се со квалитет кој е понизок од стандардниот, целосно се отпишуваат.

**2.12. Финансиски инструменти**

Сите финансиски инструменти иницијално се признаваат според пазарната вредност вклучувајќи ги директните зависни трошоци на трансакција. При иницијалното признавање, Раководството ја одредува класификацијата на финансиското средство. Класификацијата зависи од целта за која е набавено финансиското средство.

**а) Побарувања од купувачи**

Побарувањата од купувачи се искажани според нивната номинална вредност намалена за соодветните исправки за пресметани ненадоместливи износи. Исправката за обезвреднување на побарувањата се прикажува кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да биде во можност да ги наплати сите доспеани износи во согласност со оригиналните услови врз кои се настанати побарувањата. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста должникот да влезе во процес на ликвидација или финансиска реорганизација и неможност за плаќање се сметаат за индикатори дека побарувањата се обезвреднети.

Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и историското искуство и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањето повеќе не е веројатна. Сметководствената вредност на средството се намалува преку исправка на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во Извештајот за сеопфатна добивка (Билансот на успех). Кога побарувањето е ненаплатливо, истото се отпишува за сметка на исправка на вредноста на побарувањата. Последователните наплати на претходно отпишаните побарувања и соодветното намалување на исправката се признаваат како приход.

**б) Оперативни обврски**

Обврските кон добавувачи и останатите краткорочни обврски се мерат според вредноста на примените средства.

**2.13. Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричиите еквиваленти се состојат од средствата на трансакциски сметки, благајната и останатите високо ликвидни вложувања со иницијална доспеаност до три месеци, или помалку кои се моментално конвертибилни во познати парични износи и се изложени на незначаен ризик од промена во вредноста.

**2.14. Надоместоци на вработените**

Во согласност со законските прописи во Република Македонија, Друштвото е обврзано да плаќа придонеси на повеќе државни фондови за социјално осигурување. Овие обврски опфаќаат плаќања на надоместоци во име на вработените од страна на работодавачот во износи пресметани со примена на специфични, пропишани со закон стапки.

Друштвото е законски обврзано да задржува придонеси од бруто платите на вработените и во име на вработените да ги уплатува задржаните износи во соодветните државни фондови. Овие обврски се искажуваат како трошок во моментот на нивно настанување.

**2.15. Данок на добивка**

Тековниот данок на добивка го претставува износот кој е пресметан и платен во согласност со Законот за данок на добивка кој е на сила во Република Македонија. Данокот на добивка се плаќа по стапка од 10% на износот на даночно непризнатите трошоци, како и при исплата на дивиденда при распределба на добивката (почнувајќи од остварената добивка за 2009 година), освен кога дивидендата се плаќа на домашно правно лице.

**Одложени даноци** се признаваат кога се јавува разлика помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната сметководствена вредност според даночната регулатива. Во финансиските извештаи, нема времени одаточиви разлики.

**2.16. Дивиденди**

Дивидендите се искажуваат како обврска со намалување на капиталот во периодот во кој се одобрени од сопствениците на Друштвото. Дивидендите за годината, кои се објавени по датумот на Извештајот на финансиска состојба се обелоденуваат како настани по периодот на известување.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИЦИ

Во нормалниот тек на спроведување на своите деловни активности, Друштвото е изложено на повеќе различни ризици со различен степен на изложеност: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризик од курсни разлики, каматен ризик и ценовен ризик), ликвидносен ризик и кредитен ризик. Управувањето со ризици на Друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимализирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Друштвото.

### 3.1. Пазарен ризик

#### а)Ризик од курсни разлики

Друштвото влегува во трансакции во странска валута, кои произлегуваат од продажби и набавки на странски пазари, при што истото е изложено на секојдневни промени на курсевите на странските валути. Друштвото нема посебна политика за управување со овој ризик со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој вид на ризик. Според ова, Друштвото е изложено на можните флуктуации на странските валути, кое сепак е ограничено поради фактот дека најголем број трансакции се во Евра, чии валутен курс се смета за релативно стабилен.

Официјалните девизни курсеви користени за конверзија во денар на ставките од Извештајот за финансиската состојба искажани во странска валута на 31 декември 2012 година се дадени во следниов преглед:

| | Во МКД **2012** | Во МКД **2011** |
|---|---|---|
| ЕУР | 61,5000 | 61.5050 |
| УСД | 46.6510 | 47.5346 |

#### *б) Каматен ризик*

Друштвото е изложено на ризик од промени во каматните стапки кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае врз неговата финансиска состојба и паричните текови.

#### *в) Ценовен ризик*

Ризикот од цената на капиталот е веројатноста дека цената на капиталот ќе флуктуира и ќе влијае на фер вредноста на вложувањата во акции и останатите инструменти чија вредност произлегува од конкретни вложувања во акции или од индексот на цените на капиталот. Примарната изложеност на цената на капиталот произлегува од вложувања во хартии од вредност. Друштвото нема вложувања во акции.

### 3.2. Ликвидносен ризик

Управувањето со ликвидносниот ризик е централизирано во Друштвото.

Ликвидносен ризик или ризик од неликвидност постои кога Друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители. Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски. Друштвото не користи финансиски деривативи.

### 3.3. Кредитен ризик

Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и од кредитна изложеност кон корпоративни клиенти од малопродажбата, вклучувајќи ги побарувањата и обврзувањата.

Изложеноста на Друштвото на кредитен ризик е ограничена. Управувањето со кредитниот ризик се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на друштвото. Во случај на неплаќање, Друштвото престанува со продажба на услуги на клиентите. Исто така, Друштвото нема значајни концентрации на кредитен ризик со оглед на големината на базата на клиенти која е со поединечно мали износи и со неповрзаност помеѓу клиентите. Со цел да ја осигура наплатата на побарувањата, Друштвото ги спроведува и следниве дејства: компензации со клиентите, покренување на судски спорови, вонсудски спогодби итн.

### 3.4. Управување со капиталниот ризик

Целите на Друштвото во врска со управувањето на капиталот се зачувување на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на претпоставката за континуитет за да се зачува оптимална капитална структура која би го намалила трошокот на капитал и би обезбедила приноси за сопствениците.

### 3.5. Проценки на објективната вредност

Друштвото има политика за обелоденување на информации за објективната вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположливи пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствена вредност. Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски и оттука за истите во моментов не се расположливи пазарни цени. Како резултат, во отсуство на активен пазар, објективната вредност не може да биде утврдена на веродостојна основа. Раководството на Друштвото ја проценува севкупната изложеност на ризик и во случаи кога проценува дека вредноста на средствата според која се евидентирани во сметководството не би можела да биде реализирана, се врши исправка на вредноста.

Раководството на Друштвото смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при постојните пазарни услови.

## БЕЛЕШКА 4. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на производи на домашен пазар | 24.384 | 29.877 |
| Приходи од продажба на производи на странски пазар | 217.625 | 221.650 |
| **Вкупно** | **242.009** | **251.527** |

## БЕЛЕШКА 5 ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на материјали | 192 | - |
| Приходи од наемнини | 1.915 | 2.200 |
| Приходи од продажба на основни средства | 421 | - |
| Приходи од отпис на обврски | 3 | - |
| Приходи од дополнително одобрен рабат | 3.950 | - |
| Приходи од поранешни години | - | 7.509 |
| Останати деловни приходи | - | 134 |
| **Вкупно** | **6.481** | **9.843** |

## БЕЛЕШКА 6. УПОТРЕБЕНИ СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Суровини и материјали | 16.348 | 18.203 |
| Потрошена енергија | 13.121 | 11.584 |
| Потрошени канц.материјали | 429 | - |
| Потрошени резервни делови | 4.647 | - |
| Отпис на ситен инвентар | 366 | 291 |
| **Вкупно** | **34.911** | **30.078** |

## БЕЛЕШКА 7 ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Бруто плати | 132.952 | 140.869 |
| Останати лични примања | 12.956 | 268 |
| **Вкупно** | **145.908** | **141.137** |

## БЕЛЕШКА 8 ОСТАНАТИ ДЕЛОВНИ РАСХОДИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Транспортни услуги | 84 | 1.515 |
| ПТТ трошоци | 428 | - |
| Услуги за доработка | 2.486 | - |
| Услуги за одржување | 1.120 | 9.424 |
| Трошоци за закуп на опрема | 278 | - |
| Комунални трошоци | 276 | - |
| Трошоци за реклама и пропаганда | 866 | 180 |
| Регистрација на возила | 611 | - |
| Надоместоци на членови на одбор на директори | 240 | - |
| Трошоци за спонзорство | 58 | - |
| Трошоци за репрезентација | 76 | 16 |
| Премии за осигурување | 244 | 199 |
| Банкарски услуги | 390 | 335 |
| Вредносно усогласување на побарувања | 112 | 595 |
| Даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 2.252 | 2.589 |
| Останати деловни расходи | 25 | 7.926 |
| **Вкупно** | **9.546** | **22.779** |

## БЕЛЕШКА 9 ОСНОВНИ СРЕДСТВА

**Долгорочни нематеријални и материјални средства**

При набавка, долгорочните нематеријални и материјални средства, се евидентираат во висина на трошокот за набавката намален за дисконтите и рабатите, а зголемен за сите зависни трошоци кои настануваат во функција на ставање на средството во употреба. При оттуѓување на средство добивката или загубата која е утврдена при продажба, се евидентира како приход или расход за тековниот период.

Амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства се пресметува со употреба на праволиниската метода и со користење на стапките од Уредбата за амортизацијата.

Земјиштето и инвестициите во тек не се амортизираат.

Ревалоризираната набавна вредност на основните средства и нивната исправка (отпис) на вредност, на 31.12.2012 година, како и на 31,12,2011 год. се прикажани во наредните табели:

| **Набавна вредност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Видови средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
| **Состојба на 01.01.2012** | **1.289** | **103.319** | **183.999** | **288.617** |
| Нови набавки | - | - | 6.184 | **6.184** |
| Расход и продажба | - | - | (48) | **(48)** |
| **Состојба на 31.12.2012** | **1.289** | **103.319** | **190.135** | **294.743** |

| **Исправка на вредност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Видови средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
| **Состојба на 01.01.2012** | **-** | **59.132** | **161.795** | **220.927** |
| Амортизација | - | 2.519 | 5.919 | **8.438** |
| Расход и продажба | - | - | (48) | **(48)** |
| **Состојба на 31.12.2012** | **-** | **61.651** | **167.666** | **229.317** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2012** | **1.289** | **41.668** | **22.469** | **65.426** |

| **Набавна вредност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Видови средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
| **Состојба на 01.01.2011** | **1.289** | **103.319** | **176.892** | **281.500** |
| Нови набавки | - | - | 7.107 | **7.107** |
| Расход и продажба | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.12.2011** | **1.289** | **103.319** | **183.999** | **288.607** |

| **Исправка на вредност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Видови средства | Земјиште | Градежни објекти | Постројки и опрема | Вкупно |
| **Состојба на 01.01.2011** | **-** | **56.613** | **155.711** | **212.324** |
| Амортизација | | 2.519 | 6.084 | **8.603** |
| Расход и продажба | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31.12.2011** | **-** | **59.132** | **161.795** | **220.927** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **СЕГАШНА ВРЕДНОСТ НА 31.12.2011** | **1.289** | **44.187** | **22.204** | **67.680** |

БЕЛЕШКА 10 ЗАЛИХИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Залиха на суровини и материјали | 11.392 | 11.276 |
| Залиха на ситен инвентар и резервни делови | 11.893 | 9.113 |
| Производство во тек | 3.073 | 2.613 |
| Готови производи | 1.399 | 251 |
| Трговски стоки | 618 | 2.160 |
| **Вкупно** | 28.375 | 25.413 |

Залихите на репроматеријали и готови производи и резервни делови се прикажуваат според трошоците за нивна набавка

Залихите на трговската стока се искажуваат по трошоците за набавка, кои ги вклучуваат: набавната цена, увозните давачки, неповратните даноци, трошоци за транспорт и други трошоци кои може директно да се припишат на набавката. Доколку е одобрен рабат, набавната цена се намалува за одобрениот рабат. Трошоците за продажба на стоката се утврдуваат со примена на методот на просечни пондерирани цени.

Залихите на ситниот инвентар се отпишуваат по нивното ставање во употреба по стапка од 20% годишно.

БЕЛЕШКА 11 ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИТЕ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 99.362 | 127.448 |
| Побарувања од купувачи во странство | 115 | - |
| **Вкупно** | **99.477** | **127.448** |

Побарувањата од купувачите на 31 декември 2012 година изнесуваат **99.477** илјади денари, кои се пресметуваат во висина на пресметаните приходи зголемени за данокот на додадена вредност.

БЕЛЕШКА 12 ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Дадени заеми | - | 96 |
| Побарувања од државата | 1.405 | 2.422 |
| Побарувања од вработени | 3.576 | 3.929 |
| **Вкупно** | **4.981** | **6.447** |

## БЕЛЕШКА 13 ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Благајна | 12 | 12 |
| жиро сметка | 1.304 | 2.622 |
| Девизна сметка | 42.407 | 20.238 |
| **Вкупно** | **43.723** | **22.872** |

## БЕЛЕШКА 14 ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 2.315 | 1.715 |
| Обврски спрема добавувачи во странство | - | - |
| **Вкупно** | **2.315** | **1.715** |

## БЕЛЕШКА 15 ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

| **во илјади денари** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| Обврски спрема државата | - | 82 |
| Обврски за даноци и придонеси од плата | 3.571 | 3.414 |
| Обврски за плати | 7.818 | 7.250 |
| Обврски за дивиденди | 177 | 148 |
| **Вкупно** | **11.566** | **10.894** |

## БЕЛЕШКА 16 КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

Друштвото во трговскиот регистар, има заведено акционерски капитал од 86.741.674 ден.

Капиталната структура е како што следува:

| Иматели на акции | Број на акции | Структура во % |
|---|---|---|
| Физички лица | 612.881 | 42.81 |
| Правни лица | 818.736 | 57.19 |
| Состојба на 31.12.2012 | 1.431.617 | 100.00 |

Ревалоразиционата резерва претставува зголемување на неотпишаната вредност на материјалните средства како резултат на растежот на цените на индустриските производи.

Законската резерва се формира по пат на издвојување на процент (15%) од добивката согласно законската регулатива.

Друштвото има обврска да издвојува законска резерва се додека износот на резервата не достигне износ кој е еднаков на една петина од главнината.

Доколку создадената резерва се намали, мора да се надомести се додека не го достигне пропишаниот минимум. Законската резерва може да се употребува за покривање на загубата.

Кога законската резерва ќе го надмине најмалиот износ и по покривање на загубата, Собирот на содружници може да донесе Одлука, вишокот да се користи за дополнување на дивидендата, доколку истата за деловната година не го достигне најмалиот пропишан износ.

Усогласувањето и движењето во капиталот и резервите е даден во Извештајот за промените во капиталот за годината што завршува на 31 Декември 2012 година.

## БЕЛЕШКА 17 ДАНОК НА ДОБИВКА

Согласно измените на Законот за данок на добивка, кои се применуваат од фискалната 2009 година, остварената добивка не се оданочува. Данокот во износ од 24 илјади денари е пресметан на даночно непризнатите расходи по стапка до 10% во согласност со законските прописи. Конечното оданочување на добивката ќе настане при исплата на дел од добивката за дивиденда.

## БЕЛЕШКА 18. ОСНОВНА ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА

| | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| Заработувачка која им припаѓа на имателите на обични акции | 40.139.311 | 45.711.715 |
| Пондериран просечен број на акции | 1.431.617 | 1.431.617 |
| Основна заработувачка по акција во денари | 28 | 32 |

## БЕЛЕШКА 19 ДИВИДЕНДА ПО АКЦИЈА

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека нема Одлука за распределба на добивката донесена од Собранието на акционери.

Во текот на 2012 година на Годишното собрание на акционери е одобрена пресметка и исплата на дивиденда за 2011 година во износ од 36.471.715 денари, односно 25.48 денари по акција.

Пресметаната и исплатена дивиденда за 2011 година е прикажана како намалување на акумулираната добивка во Извештајот за промена на капиталот.

## БЕЛЕШКА 20. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

Друштвото нема значајни судски спорови ниту други потенцијални обврски.

БЕЛЕШКА 21. НАСТАНИ ПО ДАТУМОТ НА СОЧИНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

По завршувањето на пресметковниот период и по сочинувањето на Извештајот за финансиската состојба не се случиле настани кои ќе влијаат на овие финансиски извештаи и кои бараат корекции или обелоденување во Финансиските извештаи.

# *ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА Е.Р.Ц. ДОО*
## *1000 - С К О П Ј Е*

**До**
**МОДА АД**
**Свети Николе**

## И З В Е Ш Т А Ј
**за извршената ревизија на финансиските извештаи**

На Ваше барање извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на *Акционерското друштвото "МОДА"– Свети Николе* кои се состојат од Билансот на Состојба на 31 Декември 2011 година и извештаите за Билансот на Успех, промените во капиталот и паричниот тек за годината тогаш завршена, како и осврт на значајните сметководствени политики и останатите белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на *Акционерското друштвото "МОДА"– Свети Николе* е одговорно за изготвување и реално прикажување на овие финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ). Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на систем на интерни контроли соодветни за изготвување и реално прикажување на финансиските извештаи кои не содржат материјално значајни грешки, било да се резултат на измама или ненамерно направени грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; и правење на сметководствени проценки се разумни на соодветните околности.

*Одговорност на ревизорот*

Наша обврска и одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Меѓународните Стандарди за Ревизија, општо прифатените ревизорски стандарди во Република Македонија и законските прописи во Република Македонија. Овие стандарди изискуваат да се придржуваме на релевантните етички стандарди и да ја планираме и да ја извршиме ревизијата со цел да се здобиеме со разумна увереност и сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки.

Ревизијата вклучува испитување врз основа на тестирање спроведување на процедури за добивање на ревизорски докази за износите и образложенијата во финансиските извештаи. Избраните процедури зависат од нашите проценки, вклучувајќи ги и проценките на ризиците за значајни грешки во финансиските извештаи како резултат на измама или ненамерно направени грешки. Во проценувањето на овие ризици, ги разгледавме соодветните интерни контроли воспоставени во *Акционерското друштвото "МОДА"– Свети Николе* за изготвување и реално прикажување на Финансиските извештаи. Ревизијата истотака вклучува осврт на користените сметководствени принципи и значајните проценки направени од раководството, како и оценка на адекватноста на прикажувањето на информациите во финансиските извештаи.

Според наше мислење, финансиските извештаи реално и објективно ја прикажуваат Финансиската состојба на *Акционерското друштвото "МОДА"– Свети Николе* на 31 Декември 2011 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзиниот паричен тек за годината тогаш завршена, во согласност со Меѓународните Стандарди за Финансиско известување (МСФИ) и во согласност со Законските порописи на Република Македонија.

Овластен ревизор
*Петар Дуѓанов*

Друштво за ревизија и консалтинг Е.Р.Ц. ДОО СКОПЈЕ

Друштвото *за* ревизија Е.Р.Ц.
Управител

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА
## за 2011 ГОДИНА

Согласно позитивните законски прописи и приложената документација за која во текот на ревизијата се констатира дека е законска и веродостојна, се утврди дека *АД МОДА – Свети Николе* со состојба на 31.12.2011 година располага со следните средства и извори:

### А К Т И В А

| | | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| А) | **Побарувања за запишан а науплатен капитал** | | |
| Б) | **Постојани средства** | **69.462.709,00** | **67,855,518,00** |
| 1. | Нематеријални средства | **286.827,00** | **175,797,00** |
| 2. | Материјални средства | **69.175.882,00** | **67,679,721,00** |
| | - земјишта и згради | 47.994.743,00 | 45,476,024,00 |
| | - постројки и опрема | 11.745.794,00 | 21,051,720,00 |
| | - алат. погонски и канцеларски | 9.435.345,00 | 1,151,977,00 |
| | - аванси за материјални средства | 0,00 | 0,00 |
| В) | **Тековни средства** | **196,920,938.00** | **212,280,608.00** |
| 1. | Залихи | **22,156,548.00** | **25,413,393.00** |
| | - Суровини и други материјали | 17.201.532,00 | 20.388.918,00 |
| | - Производство во тек | 2.052.122,00 | 2.613.094,00 |
| | - трговски стоки и готови производи | 2.902.894,00 | 2.411.381,00 |
| | - Аванси , депозити и кауции | 0,00 | 0,00 |
| 2. | Краткорочни побарувања | **58.702.487,00** | **130,030,950,00** |
| | - купувачи во земјата | 3.082.521,00 | 163.033,00 |
| | - купувачи во странство | 54.626.761,00 | 127.385.424,00 |
| | - платени даноци и останати побарувања | 968.476,00 | 2.482.493,00 |
| | - платени трошоци за идните периоди | 24.643,00 | 88.104,00 |
| 3. | Финасиски вложувања - краткорочни | **22.990.546,00** | **33.964.642,00** |
| 4. | Парични средства | **93.071.357,00** | **22.871.623,00** |
| | **Вкупна Актива:** | **266.383.647,00** | **280.224.230,00** |

ПАСИВА

| | | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| А) | **Капитал и резерви** | **253.866.375,00** | **267.566.735,00** |
| 1. | Запишан капитал | **86.741.674,00** | **86.741.674,00** |
| | - акционерски капитал - обични акции | 83.762.100,00 | 86.741.674,00 |
| | - приоритетни акции | 2.979.574,00 | 0,00 |
| 2. | Ревалоризациона резерва | **19.531.660,00** | **19.531.660,00** |
| 3. | Статутарни резерви | **18.416.208,00** | **18.416.207,00** |
| 4. | Акумулирана добивка | **91.005.478,00** | **97.165.479,00** |
| 3. | Добивка за финансиска година | **38.171.355,00** | **45.711.715,00** |
| Б) | **Долгорочни и краткорочни Обврски** | | |
| 1. | **Краткорочни обврски** | **12.517.272,00** | **12.657.495,00** |
| | - добавувачи во земја | 1.308.176,00 | 1,714,719,00 |
| | - обврски спрема поврзани субјекти | 0,00 | 0,00 |
| | - примени аванси | 167.764,00 | 48.644,00 |
| | -обврски по основ на дивиденди на иматели на обични акции | 244.706 ,00 | 148.387,00 |
| | - даноци | 103.191,50 | 81.683,00 |
| | - обврски за нето плата | 7.387.196,50 | 7.250.128,00 |
| | - даноци од плата | 376.878,00 | 323.813,00 |
| | - обврски за надомест на нето плата | 0,00 | 0,00 |
| | - придонеси од плата | 2.929.359,50 | 3.090.114,00 |
| | **Вкупна Пасива:** | **266.383.647,00** | **280.224.230,00** |

# БИЛАНС НА УСПЕХ
## за 2011 година

А) Р А С Х О Д И

| | 2010 | 2011 |
|---|---|---|
| 1. Оперативни расходи | 212,272,297.50 | 218,123,287.00 |
| а) Материјални трошоци и услуги | 64,860,044.50 | 61,973,405.50 |
| - трошоци за суровини и материјали | 24,310,316.00 | 18,202,683.00 |
| - потрошена енергија | 8.635.704,00 | 11,584,002.00 |
| - транспортни услуги | 1.389.344,50 | 1,514,934.00 |
| - отпис на ситен инвентар | 208.027,50 | 291,434.00 |
| - услуги за одржување и заштита | 6.580.829,00 | 9,424,280.00 |
| - други услуги со материјален карактер | 2.824.235,50 | 5,575,508.50 |
| - набавна вредност | 20.911.588,00 | 15,380,564.00 |
| б) Амортизација | 9,006,875.50 | 8,713,563.50 |
| в) Вредносно усогласување | 102.810.00 | 595,181.50 |
| г) Нематеријални трошоци | 14,923,382.50 | 5,971,685.50 |
| - банкарски услуги | 372,335.50 | 334,749.00 |
| - дневница за службени патувања и патни трошоци | 5,127.00 | 217,988.00 |
| - надомест на трошоци за вработени | 0.00 | 49,398.00 |
| - даноци, придонеси и други давачки кои не зависат од резултатот | 2,013,053.50 | 2,624,464.00 |
| - други нематеријални трошоци | 12,041,345.00 | 2,350,606.50 |
| - реклама, репрезентација, пропаганда | 381,322.50 | 195,594.00 |
| - премии за осигурување | 110,199.00 | 198,886.00 |
| - неотпишана вредност на оутѓени основни с-ва | 0.00 | 0.00 |
| - вредносно усогласување | 0.00 | 0.00 |
| д) Трошоци на вработените | 123,481,995.00 | 140,869,451.00 |
| - нето плати и надоместоци | 85,279,038.00 | 85,662,236.00 |
| - даноци и придонеси | 38,202,957.00 | 55,207,215.00 |
| 2. Расходи од други активности | 31,175.50 | 459,442.00 |
| а) Затезни камати | 239.50 | 1,932.00 |
| б) Камати од неповрзани субјекти | 23,883.00 | |
| в) Курсни разлики | 7.052.50 | 457,510.00 |
| 2. Вонредни расходи | 0.00 | 0.00 |
| Вкупно Расходи: | 212,303,473.00 | 218,547,350.00 |

## Б) П Р И Х О Д И

| | 2010 | 2011 |
|---|---|---|
| **1. Оперативни приходи** | **247,460,676.00** | **261,369,416.00** |
| а) од продажба на производи и услуги на домашен пазар | 24,949,732.50 | 29,876,703.00 |
| б) од продажба на странски Пазар | 214,215,343.50 | 221,650,190.50 |
| в) приходи од наемнини | 2,123,180.00 | 2,199,563.50 |
| г) останати деловни приходи | 2.768,942.00 | 133,570.50 |
| д) приходи од даноци и придонеси | 0.00 | 0.00 |
| ѓ) приходи од продажба на постојани средства | 0.00 | 0.00 |
| е) приходи од поранешни години | 6,328.50 | 7,509,388.50 |
| **2. Приходи од други активности** | **3,061,954.00** | **2,925,028.00** |
| а) приходи од камати и курсни разлики | 3,061,954.00 | 2,925,028.00 |
| **3. Вонредни приходи** | **0.00** | **0.00** |
| **Вкупно Приходи:** | **250,522,630.00** | **264,294,444.00** |
| **В) БРУТО ДОБИВКА (А - Б)** | **38,219,157.00** | **45,747,094.00** |
| **Г) ДАНОК НА ДОБИВКА** | **47,803.00** | **35,379.00** |
| **Д) НЕТО ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА (В - Г )** | **38,171,354.00** | **45,711,715.00** |

АД "МОДА" - Свети Николе

## ПАРИЧЕН ТЕК
## 01.01-31.12

| | 2010 | 2011 |
|---|---|---|
| Добивка | 38,171,354.00 | 45,711,715.00 |
| Амортизација | - 9,006,876.00 | - 8,713,563.00 |
| Приходи од камати и курсни разлики | - 3,061,954.00 | - 2,925,028.00 |
| Расходи од камати и курсни разлики | 31,175.00 | 459,442.00 |
| **Оперативен резултат** | **26,133,699.00** | **34,532,566.00** |
| Побарувања од купувачите | 13,988,329.00 | - 70,281,667.00 |
| Останати побарувања | 9,923,001.00 | - 1,071,525.00 |
| Обврски кон добавувачи | -31,861,472.00 | 140,222.00 |
| Останати обврски | | - |
| **Вкупно од оперативни активности** | **18,183,557.00** | **- 36,680,404.00** |
| Вложувања во НПО | - 85,445,515.00 | - 10,974,096.00 |
| Долгорочни вложувања | 154,251,849.00 | - 25,010,820.00 |
| **Вложувачки активности вкупно** | **98,806,334.00** | **- 35,984,916.00** |
| Краткорочни кредити | | |
| Наплатени камати | 3,061,954.00 | 2,925,028.00 |
| Платени камати | 31,175.00 | - 459,442.00 |
| **Вкупно финансиски активности** | **3,030,779.00** | **2,465,586.00** |
| **Паричен тек во тековна година** | **90,020,670.00** | **- 70,199,734.00** |
| **Парични средства на почеток на година** | **3,050,687.00** | **93,071,357.00** |
| **Парични средства на крај на година** | **93,071,357.00** | **22,871,623.00** |

Свети Николе 31.12.2011

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи Мода Св Николе

Управител

# СОСТОЈБА И ПРОМЕНА НА КАПИТАЛОТ

| Р.б. | ОПИС | Запишан капитал | Премии на издадени акции | Ревалоризациони резерви | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка за тековна година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Состојба на 31.12.2010 | 86,741,674.00 | | 19,531,660.00 | 18,416,207.00 | 91,005,479.00 | 38,171,354.00 | 253,866,374.00 |
| 2 | Издадени акции за пари | | | | | | | 0.00 |
| 3 | Откупени сопствени акции | | | | | | | 0.00 |
| 4 | Продадени откупени сопствени акции | | | | | | | 0.00 |
| 5 | Пренос на добивката | | | | | 6,160,000.00 | -6,160,000.00 | 0.00 |
| 6 | Исплатени дивиденди | | | | | | -32,011,354.00 | -32,011,354.00 |
| 7 | Пренос на акумулирана добивка | | | | | | | 0.00 |
| 8 | Добивка за тековната година | | | | | | 45.711.715,00 | 45.711.715,00 |
| 9 | Дивиденди | | | | | | | 0.00 |
| 10 | Запишано зголемување во ЦРМ | | | | | | | 0.00 |
| 11 | Запишано намалување во ЦРМ | | | | | | | 0.00 |
| 12 | Состојба на 31.12.2011 | 86,741,674.00 | 0.00 | 19,531,660.00 | 18,416,207.00 | 97,165,479.00 | 45.711.715,00 | 267,566,735.00 |

Управител

Акционерско друштво за производство на конфекциски производи Мода Св Никола

Скопје, 31.12.2011 година